**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и седмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 6.9.2018 година**

**Скопје, септември 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и седмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 6.9.2018 година**

Седницата започна во 9:25 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателот на Владата и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски и членовите на Владата на Република Македонија, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, д-р Рената Дескоска, министерка за правда, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи и Нефрус Челику, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија.

Од седницата отсуствуваше заменикот на претседателот на Владата задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Асаф Адеми, министер за култура, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Користење и имплементација на фондовите од ЕУ

1. Информација за потребата од донесување на Закон за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево – Охрид, заради склучување на Анекс бр. 2 кон Договорот за изградба на патна делница Кичево – Охрид, по скратена постапка, со Анекс на Договор бр.2 и Предлог-закон

2. Информација за потребата за поврат на финансиски средства од Општина Дојран поради констатирани неправилности при спроведување на проект финансиран од ИПА Прекугранична Програма помеѓу Република Македонија и Република Грција 2007-2013

3. Прашања и предлози

*

*          *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на проектот - Изградба на автопат „Скопје - Блаце" со предлог за реализација на истиот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта да го дополни Планот за јавни набавки за 2018 година со две нови јавни набавки и тоа:
- Изградба на автопатската делница од излезот за село Блаце до граничниот премин Блаце (1,9 км) и
-Надзор за изградба на автопатската делница од излезот за село Блаце до Граничниот премин Блаце (1,9 км).
Реализацијата на јавните набавки да започне до ноември 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии, а се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта да ја продолжат комуникацијата со Европската банка за обнова и развој за реализацијата на преостанатиот дел од автопатот Скопје –Блаце.

3. Министерската работна група, предводена од заменикот на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи да продолжи интензивно да ја следи динамиката на реализација на автопатот Скопје –Блаце и за ова редовно да ја информира Владата.

4. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта да формира работна група која ќе го води проектот – Изградба автопат „Скопје –Блаце“, во која ќе учествуваат претставници од Јавното претпријатие за државни патишта, Секретаријатот за европски прашања, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија и Министерството за транспорт и врски.

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Закон за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево - Охрид, заради склучување на Анекс бр.2 кон Договорот за изградба на патна делница Кичево – Охрид, по скратена постапка, со текст на Анекс бр.2 кон Договорот и Предлог–закон и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го разгледа Предлог-законот за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци – Штип и патна делница Кичево - Охрид, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереник Суза Симоновска, раководителка на сектор во Министерството за транспорт и врски.

2. Го разгледа и прифати текстот на Анексот бр.2 кон Договорот за изградба на патна делница Кичево - Охрид помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Sinohydro Corporation Limited, со заклучок Министерството за транспорт и врски во текстот на Анексот бр.2 (македонска верзија) технички да ја коригира нумерацијата на точките.

3. Се овластуваат Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Зоран Китанов, директор на Јавното претпријатие за државни патишта, да го потпишат Анексот бр. 2 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево – Охрид, бр. 08-9012/1 од 12.11.2013 година, помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Sinohydro Corporation Limited, по донесување на Законот за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци – Штип и патна делница Кичево Охрид („Службен

весник на Република Македонија“ бр. 149/13, 134/17 и 64/18) и објавување на истиот во „Службен весник на Република Македонија“.

**Точка 2**

Владата ја повлече од Дневен ред Информацијата за потребата за поврат на финансиски средства од Општина Дојран поради констатирани неправилности при спроведување на проект финансиран од ИПА Прекугранична програма помеѓу Република Македонија и Република Грција 2007-2013.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 9:55 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| д-р Драги Рашковски | Зоран Заев |